**ПРАВИЛА**
**за наградната игра „Elloxy - Заблескај и освои“**

Врз основа на член 137 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, а во врска со другите применливи одредби од Законот, приредувачот ги донесува следните Правила за наградната игра (во понатамошниот текст: „Правилата“).

**Член 1**
**Приредувач на наградната игра**

Приредувач на наградната игра „Elloxy – Заблескај и освои“ е ЕЛОКСИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Пандил Шишков“, бр. 1-Б/9 ЕМБС 7484496, ЕДБ 4032021548310 (во понатамошниот текст: „Организатор“).

Организаторот е одговорен за спроведувањето на Наградната игра согласно овие Правила и важечките прописи.

**Член 2**
**Производи заради чие рекламирање се приредува наградната игра**

Наградната игра се приредува заради рекламирање на производите што Организаторот ги нуди во својата продавница Elloxy во Рамстор Мол - Скопје, преку веб-страницата www.elloxy.mk и преку мобилната апликација Elloxy-AI Skincare & Shop (во понатамошниот текст: „Производите“).

Во Наградната игра учествуваат купувањата на Производите извршени во периодот на нејзиното траење, под условите утврдени со овие Правила.

**Член 3**
**Име, опис и времетраење на наградната игра**

Официјалното име на наградната игра е „Elloxy – Заблескај и освои“ (во понатамошниот текст: „Наградната игра“).

Наградната игра започнува на 25.09.2026 година во 00:01 часот и трае до 25.12.2026 година до 23:59 часот, односно вкупно 92 дена.

Во наведениот период учесниците можат да внесуваат промотивни кодови преку мобилната апликација Elloxy-AI Skincare & Shop. Добитниците се определуваат преку извлекувања на дневно, неделно и месечно ниво, а во рамките на Наградната игра се доделуваат вкупно 789 награди. Еден валиден код може да учествува во повеќе извлекувања и да освои повеќе различни награди, согласно овие Правила.

**Член 4**
**Апликација преку која се спроведува наградната игра**

За учество во Наградната игра, учесникот треба да ја инсталира бесплатната мобилна апликација Elloxy-AI Skincare & Shop, достапна за преземање преку App Store и Play Store (во понатамошниот текст: „Апликацијата“).

Учесникот треба да биде регистриран корисник на Elloxy. Регистрацијата, доколку учесникот не е претходно регистриран, може да се изврши преку веб-страницата https://elloxy.mk/ или преку Апликацијата. Доколку учесникот веќе има корисничка сметка, се најавува на својот постоечки профил.
Податоци потребни за регистрација/најава:

*Регистрација:
- име (опционално)
- електронска пошта и лозинка (задолжително)
- телефонски број (опционално)

*Најава:
- електронска пошта и лозинка (задолжително)

За конкретно учество во Наградната игра, учесникот се најавува во мобилната апликација Elloxy-AI Skincare & Shop и во посебниот дел за Наградната игра го внесува кодот добиен со купувањето на Производите.

По внесување на валиден код, учесникот добива порака „Успешно“. Доколку се внесе код кој веќе бил искористен, учесникот добива порака „Кодот е веќе искористен.“. Доколку се внесе погрешен код, учесникот добива порака „Погрешен код“ или друга соодветна системска нотификација со исто значење.

Добитниците на наградите се известуваат преку нотификација во Апликацијата и по електронска пошта на адресата поврзана со нивната корисничка сметка.

**Член 5**
**Промотивен код и стекнување право на учество**

Правото на учество се стекнува со валиден и уникатен физички испечатен промотивен код, издаден од Организаторот во врска со купување на Производите во периодот на траење на Наградната игра.

Со секое поединечно купување на Производите се добива по еден промотивен код за учество во Наградната игра.

Кодовите се доделуваат:
1) при купување во физичката продавница Elloxy во Рамстор Мол - Скопје, при извршеното купување;
2) при купување преку веб-страницата www.elloxy.mk или преку мобилната апликација Elloxy-AI Skincare & Shop, при доставата на нарачката.

Доколку купувачот, согласно применливата политика за испорака и враќање на Производите, целосно или делумно ги врати Производите од купувањето врз основа на кое е доделен промотивниот код, кодот нема да учествува во Наградната игра, односно ќе се смета за невалиден.

Секој код може да биде внесен во Апликацијата само еднаш. Еден учесник може да учествува неограничен број пати со различни валидни кодови, а секој валиден код може да учествува во повеќе извлекувања и да освои повеќе различни награди.

Организаторот може, заради проверка на валидноста на учеството, да побара од учесникот да ја приложи фискалната сметка, потврда за нарачка или друг доказ за купувањето врз основа на кое е издаден кодот.

**Член 6**
**Територија и услови за учество**

Наградната игра се организира и спроведува на територијата на Република Северна Македонија.

Право на учество имаат полнолетни физички лица кои во периодот на траење на Наградната игра ќе купат Производи, ќе добијат валиден промотивен код, ќе бидат регистрирани/најавени во Апликацијата и ќе го внесат кодот во рокот на траење на Наградната игра.

Во Наградната игра немаат право да учествуваат вработените кај Организаторот, како и членовите на нивните потесни семејства.

Организаторот има право да исклучи учество со невалиден, дуплиран, изменет, злоупотребен или на друг нелегитимен начин стекнат код, како и учесник кој не ги исполнува условите од овие Правила.

**Член 7**
**Награден фонд**

Во Наградната игра се доделуваат вкупно 789 награди, и тоа награди во вид на поени на корисничката сметка, подарок производи и сетови производи, како и награди во главното извлекување.

За наградите во вид на поени важи соодносот 1 (еден) поен = 1 (еден) денар. Поените се додаваат на корисничката сметка и можат да се користат при наредно купување или нарачка.

**А. Награди во вид на поени**

| Вид/вредност на наградата | Количина |
|---|---|
| 250 поени | 360 |
| 300 поени | 180 |
| 500 поени | 90 |
| 1000 поени | 12 |

**Б. Подарок производи / сетови производи**

| Награда | Количина |
|---|---|
| EYENLIP Ceramide Rice Cleansing Foam 100ml | 90 |
| CELIMAX The Vita A Retinal Shot Tightening Booster 15ml | 15 |
| SKIN1004 Madagascar Centella Hyalu-Cica Water-Fit Sun Serum 50ml | 15 |
| MEDICUBE СЕТ: PDRN Pink Peptide Ultra Light Serum 30ml + PDRN Pink Collagen Capsule Cream 55g + PDRN Pink Peptide Eye Serum 30ml | 4 |
| SKIN1004 СЕТ: Madagascar Centella Light Cleansing Oil 200ml + Madagascar Centella Ampoule Foam 125ml + Madagascar Centella Ampoule 55ml | 4 |
| DR.ALTHEA СЕТ: 345 Relief Serum 30ml + 345 Relief Cream 50ml + 345 Relief Cream Mist 60ml | 4 |
| CENTELLIAN24 СЕТ: Expert Madeca Mela Capture Ampoule Max v2 30ml + Madeca Cream Time Reverse 50ml + Madeca Wrinkle Capture Stick 10g | 4 |

| Награда | Количина |
|---|---|
| GENABELLE CET: PDRN Rejuvenating Toner 300ml + PDRN VITA Toning Ampoule 30ml + PDRN Enriched Recovery Balm 50ml | 4 |
| LILYFIELD CET: Stem Cell Solution 10x5ml + Stem Cell Radiance Cream 100ml | 4 |

**В. Награди во главното извлекување**

| Награда | Количина |
|---|---|
| MEDICUBE AGE-R Booster Pro MINI | 1 |
| MEDICUBE Age-R Booster Pro | 1 |
| iPhone 17 | 1 |

Наградите не можат да се заменат за паричен износ или за друга награда, освен доколку тоа изречно не е предвидено со овие Правила. Поените не се исплаќаат во готовина.

## Член 8
## Начин и постапка на определување на добитниците

Добитниците на наградите се извлекуваат во текот на 92 дена на дневно, неделно и месечно ниво, согласно однапред утврдениот распоред на извлекувања и расположливиот награден фонд, определен во „Календарот за извлекување“ како Прилог бр.1 кон овој Правилник.

Секое извлекување се врши со математички проверлив метод на случаен избор од евиденцијата на валидни кодови кои имаат право да учествуваат во конкретното извлекување, без влијание на човечки фактор од страна на специјално креиран софтвер за оваа намена инсталиран во просториите на **ЕЛОКСИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Пандил Шишков“, бр. 1-Б/9, Скопје-Аеродром**. Еден ист валиден код може да учествува во повеќе извлекувања и да освои повеќе различни награди.

Контролата на извлекувањата врши комисија составена од претставници од ЕЛОКСИ ДООЕЛ СКОПЈЕ, преку евиденцијата во системот и техничкиот запис/извештај за спроведеното извлекување, од кој може да се утврдат времето на извлекување, базата на кодови што учествувале и избраниот добитен код.

Доколку избраниот добитник не ги исполнува условите за учество или кодот е утврден како невалиден, се определува друг добитник по истиот метод.

## Член 9
## Главно извлекување

Во рамките на главното извлекување се доделуваат следните три награди: MEDICUBE AGE-R Booster Pro MINI, MEDICUBE Age-R Booster Pro и iPhone 17.

Главното извлекување ќе се одржи на 26.12.2026 година во 19:00 часот, во продажниот салон на Елокси во Рамстор Мол.

Во главното извлекување учествуваат валидните кодови согласно механизмот и условите утврдени во овие Правила. Извлекувањето се врши автоматизирано, со математички проверлив метод на случаен избор.

Контролата на главното извлекување врши комисија составена од претставници од ЕЛОКСИ ДООЕЛ СКОПЈЕ, преку евиденцијата во системот и техничкиот запис/извештај за спроведеното извлекување.

**Член 10**
**Објавување на добитниците и остварување на наградите**

Резултатите, односно добитниците, ќе бидат објавени во рок од 3 (три) дена од денот на определувањето на добивката, односно од соодветното извлекување, на www.elloxy.mk и/или во Апликацијата, на начин достапен за учесниците.

Добитниците дополнително ќе бидат известени преку нотификација од мобилната апликација Elloxy-AI Skincare & Shop и по електронска пошта.

Наградите во вид на поени се доделуваат автоматски на корисничката сметка на добитникот, вообичаено во рок од еден час од извлекувањето.

Сите награди во вид на производи, сетови производи и награди од главното извлекување се подигнуваат од физичката продавница Elloxy во Рамстор Мол – Скопје, по идентификација на добитникот и приложување доказ за добитниот код, во рок не подолг од 60 (шеесет) дена од денот на објавувањето на резултатите, односно добитниците на наградите.

Добитникот е должен да ги достави податоците и документите кои се неопходни за докажување на добитен код, предавање на наградата и исполнување на применливите законски и даночни обврски.

**Член 11**
**Објавување на Правилата и право на приговор**

Овие Правила ќе бидат објавени на веб страната на Организаторот www.elloxy.mk и/или на Апликацијата, пред започнување на наградната игра, а по добивањето на Дозвола од страна на Министерството за финансии.

Со внесувањето на промотивниот код, учесникот потврдува дека е запознаен со овие Правила и дека ги прифаќа.

Секој учесник има право да поднесе писмен приговор во врска со текот на Наградната игра во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето на конкретниот резултат, односно од денот кога настанала причината за приговорот.

Приговорот се доставува на contact@elloxy.mk или писмено на адресата на Организаторот. Организаторот ќе одговори на приговорот во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот.

**Член 12**
**Лични податоци**

Личните податоци на учесниците и добитниците се обработуваат само во обем потребен за регистрација и учество во Наградната игра, проверка на правото на учество, известување и

објавување на добитниците, предавање на наградите, постапување по приговори и исполнување на законските обврски на Организаторот.
Обработката на личните податоци се врши согласно важечките прописи за заштита на личните податоци и применливата политика за приватност на Организаторот/Апликацијата.

**Член 13**
**Прекинување на наградната игра**

Организаторот е должен Наградната игра да ја спроведува во периодот за кој е издадена дозволата. Наградната игра може да биде прекината само во случаи и под услови утврдени со Законот, вклучително во случај на виша сила или технички дефект, со постапување пред надлежните органи согласно закон.

За евентуален одобрен прекин Организаторот ќе ги извести учесниците на јавно достапен начин.

**Член 14**
**Завршни одредби**

За сите прашања што не се уредени со овие Правила се применуваат одредбите од Законот за игрите на среќа и за забавните игри и другите важечки прописи на Република Северна Македонија.

Овие Правила ќе започнат да се применуваат по добивањето на согласност на Правилата и дозвола за приредување на Наградната игра од Министерството за финансии.

Наградната игра се спроведува исклучиво согласно Правилата одобрени од Министерството за финансии.

**ОРГАНИЗАТОР**
**ЕЛОКСИ ДООЕЛ Скопје**

__________________________